РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Средно училиште на град Скопје
Гимназија ЈОСИП БРОЗ ТИТО
Бр. 08-195/1
21.05. 2021 год.
СКОПЈЕ

ГИМНАЗИЈА
Јосип Броз Тито

СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито„
Скопје
20.05.2021г.

Предмет: Известување за термините за изведување на приемните испити за програмата со Меѓународна матура во СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито„ Скопје во учебната 2021/2022 во услови на пандемија Ковид 19.

Почитувани ученици и родители/старатели,

Поради тековната ситуација за време на пандемијата со Ковид19 приемните испити и интервјуата за програмата на меѓународна матура ќе се реализираат во периодот од 21,22 и 23 јуни 2021г. Тестирањата ќе се изведуваат на 21 и 22 јуни, а интервјуата на англиски и македонски јазик ќе се изведуваат на 22 и 23 јуни наизменично во групи ученици кои ќе бидат утврдени на 21 јуни при првиот ден на тестирањето.Списоците на ученици со распоред на училници за тестирањето ќе бидат истакнати на влезот на училиштето и пред секоја училница.

**На 21 јуни 2021год.**

| | | |
|---|---|---|
| 10.00 часот | Есеј по англиски јазик | времетраење 1 час |
| 11.30 часот | Есеј по македонски јазик | времетраење 1 час |

**На 22 јуни 2021год.**

| | | |
|---|---|---|
| 10.00 часот | тест по хемија | времетраење 1 час |
| 11.30 часот | тест по математика | времетраење 1 час |

| | |
|---|---|
| 13.00 часот | интервју на македонски јазик со група1 |
| | интервју на англиски јазик со група 2 |
| 13.30 часот | интервју на македонски јазик со група 2 |
| | интервју на англиски јазик со група 1 |

**На 23 Јуни 2021 год.**

| | |
|---|---|
| 10.00 часот | интервју на македонски јазик со група 3 |
| | интервју на англиски јазик со група 4 |
| 10.30 часот | интервју на македонски јазик со група 4 |
| | интервју на англиски јазик со група 3 |
| 11.00 часот | интервју на македонски јазик со група 5 |
| | интервју на англиски јазик со група 6 |

11.30 часот интервју на македонски јазик со група 6
интервју на англиски јазик со група 5

При реализирањето на приемните испити ќе се применуваат протоколите за постапување за заштита на здравјето на учениците и вработените во училиштето изготвени од МОН со доследно почитување на превентивните мерки од Владата на Република Северна Македонија.

При доаѓањето на тестирање во училиштето учениците треба да носат заштитна опрема: маска и ракавици според задолжителните протоколи и свој прибор за пишување ( пенкало, молив, гума, шестар, линиар). Забрането е користење на мобилен телефон и калкулатор.

Учениците во текот на првиот ден треба да ги достават и потребните документи кои не беа доставени поради електронското пријавување, а тоа се:

1.Извод од матична книга на родени без оглед на датум на важност

2.Свидетелство за завршена прва година гимназиско образование

3.Свидетелство за завршена втора година гимназиско образование.

Доколку свидетелството за завршена втора година сеуште не е издадено треба да се достави потврда од училиштето со евидентен лист со оценките со потпис и печат на директорот на училиштето.

4. Дипломи и потврди од освоени награди кои според конкурсот може да се вреднуваат доколку ученикот ги има освоено.

Доколку до периодот на одржување на приемните испити дојде до нови препораки поради ситуацијата со пандемијата Ковид 19 ќе бидете благовремено известени.

Со почит,

Силвана Кржовска

Директор

-------------------------------